РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2924/5
19-06-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на продолжението од шестата седница одржано на ден 12.06.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-3894/1 од 09.10.2021 година, СЕ ЗАПИРА.
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-3894/1 од 09.10.2021 година.
Предметот со број 08-3894/1 од 09.10.2021 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот број 08-3894/1 од 09.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.
Од увидот во Службен весник на РСМ број 110/21, ДКСК утврди дека на лицето ____________________ на ден 11.05.2021 година и престанала функцијата член на управниот одбор на __________________________________________.
Од увидот во својата евиденција, ДКСК констатира дека именуваната, во законски предвидениот рок по престанок на функцијата, не поднела анкетен лист до ДКСК.
ДКСК на ____________________________________ и издаде прекршочен платен налог број 08-2924/2 од 29.03.2022 година, по кој именуваната не постапи, по што ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка до прекршочната комисија во ДКСК.

Прекршочната комисија со допис број 14-8198/2 од 07.10.2022 година го врати Барањето за поведување на прекршочната постапка со укажување да се спроведе постапка за порамнување во согласност со Законот за прекршоците.
Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ" бр. 96/2019 и 253/2023, прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.
Имајќи во предвид дека од денот на сторување на прекршокот се изминати две години, ДКСК констатира дека е настаната застареност за преземање дејствија во насока на повторно спроведување на постапка за порамнување.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: А.Ч. , раководител на одделение
Одобрил: З.Б. , заменик претседател на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk